**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**
**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ**
Бул. Партизански одреди 24, П. Фах 560
1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел.: 02/3116-066
dekan@gf.ukim.edu.mk

**SS. CYRIL AND METHODIUS UNIVERSITY IN SKOPJE**
**FACULTY OF CIVIL ENGINEERING - SKOPJE**
Blvd. Partizanski odredi 24, P.O. Box 560
1000 Skopje
Republic of North Macedonia
Tel: 389 2 3116 066
dekan@gf.ukim.edu.mk

Врз основа на член 163 од Законот за високото образование (Службен весник на РМ бр. 82/2018) и член 53 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр.411/2018), согласно одлуката донесена на 547. седница на Наставно-научниот совет, Деканот на Градежниот факултет Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, распишува:

Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ Скопје
Бр. 08/115-1
04-02-2025 год.

## ИНТЕРЕН КОНКУРС
### за избор на демонстратори во летниот семестар од академската 2024/25 година

**Се распишува интерен конкурс** за избор на демонстратори од редот на студентите на втор и трет циклус на студии, како помошници во наставно-образовниот процес на првиот циклус на студии, а за потребите на Градежен факултет Скопје, и тоа за:

1/ Катедра за теорија на конструкции и компјутерска анализа - 1 извршител

2/ Катедра за бетонски и дрвени конструкции - 2 извршители

3/ Катедра за железници - 1 извршител

**При пријавување на конкурсот, кандидатите треба да достават:**
- Пријава, во која ќе биде назначена Катедрата за која се пријавува.
- Кратка биографија ( со контакт телефон и e-mail).
- Потврда за редовен студент на втор или трет циклус на студии и уверение за положени испити и остварени кредити на прв циклус на студии.

Документите се доставуваат преку архивата на факултетот и електронски на e-mail: prodekan.nastava@gf.ukim.edu.mk. Конкурсот трае 5 работни дена сметано од денот на објавувањето.

**Пријавените кандидати треба да ги исполнуваат пропишаните критериуми за избор, согласно член 163 од Законот за високото образование:**
- На факултетот, можат да се избираат демонстратори како помошници во наставно-образовниот процес на првиот циклус на студии.
- Демонстратор може да биде лице кое е студент на втор или трет циклус на студии.
- За демонстратор може да биде избран студент кој студиите од првиот циклус (додипломските студии) ги завршил со просечна оцена од најмалку 8,00 (осум).
- Демонстратор се избира за период од една учебна година, со право да биде реизбран уште два пати на истата единица на универзитетот.
- Демонстраторите учествуваат во наставно-образовниот процес во обем и на начин определен со студиската програма и под непосредно раководство на предметниот наставник.
- Факултетот и демонстраторот склучуваат договор со кој ги уредуваат меѓусебните права и обврски. Исплатата на надоместоците за избраните демонстратори се врши од сопствените приходи на факултетот, за што не се бара согласност од Министерството за финансии.

Декан на Градежен факултет

Проф. д-р Горан Марковски

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Република Северна Македонија, ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ

**Датум на објавување на веб страницата на факултетот: 4.02.2025**